**ДП. бр. 355**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-1477/4 од 19.04.2013 година Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Н.Д. од Битола, на ден 29.05.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда по член чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ од страна на извршител Н.Д. именуван за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

Со тоа што Извршителот Н.Д. во периодот од 18.02.2013 година до денот на надзорот 27.03.2013 година извршителот примил барања за извршување по кои се оформени предмети и дадени им се броеви од И бр.141/13 од 18.02.2013 година до И бр. 221/13 од 26.03.2013 година, но истите не се заведени во Уписникот за примени барања за извршување, со што извршителот постапил спротивно на член 45 став 1 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06,129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/11) и член 2 и 3 став 1 алинеја 1 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05).

со кои дејствија извршителот Би сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување

**II.**

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда по член чл. 54-г став 1 алинеја 9 и алинеја 13 од ЗИ од страна на извршител Н.Д. именуван за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

Со тоа што извршителот во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите на завршените предмети не ги заведува податоците за наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства, и со тоа што извршителот неуредно и ненавремено ги води Именикот на доверители и Именикот на должници. Имено во Именикот на должници не се заведени сите должници од извршните предмети оформени во текот на 2012 година, односно заведени се само должниците по предметите од И бр.01/12 до И бр.550/12. Исто така во

Именикот на должници не се заведени ниту должниците во извршните предмети оформени во текот на 2013 година. Во Именикот на доверители не се заведени сите доверители од извршните предмети оформени во текот на 2012 година, односно заведени се само доверителите по предметите од И бр.1/12 до Ибр.1200/12. Воедно во Именикот за доверители не се заведени ниту доверителите во извршните предмети оформени во текот на 2013 година. Со ваквото постапување извршителот постапил спротивно на член 2 и член 3 став 1 алинеи 5 и 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05).

со кои дејствија извршителот Би сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 9 и алинеја 13 од Законот за извршување

**III.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Н.Д. именуван за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен со адреса на _________, локал ___, Битола

ЗАТОА ШТО

1. Извршителот по именувањето на неговиот заменик, не го овластил заменикот да располага со редовната и посебната сметка, односно овластувањего за посебната сметка го издал на 25.03.2013 година, а за редовната сметка на 26.03.2013 година, со што постапил спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен

со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување

па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната **му се изрекува** единствена парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Н.Д. од Скопје утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-1477/1 од 19.04.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-1477/1 од 10.04.2013 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот Н.Д., сторил дисциплински повреди по чл. 54-г став 1 алинеја 4, 9 и 13 од Законот за извршување. Предлогот е со наводи дека во периодот од 18.02.2013 година до ден на надзор 27.03.2013 година извршителот примил барања за извршување по кои биле формирани предмети со броеви И.бр.141/13 од 18.02.2013 година до И.бр.221/13 од 26.03.2013 година но истите не биле заведени во Уписник за примени барања за извршување, како и со наводи дека во Уписник за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите за завршени предмети извршителот не ги заведува податоците за наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, наград реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени побарувања. Понатаму, наведено е во предлогот дека извршителот неуредно и ненавремено ги води Именик на должници и Именик на доверители за извршните предмети од 2012 година и 2013 година, како и наводи дека извршителот не го овластил заменикот на извршител Н.И. извршител од Битола да располага со неговата посебна и редовна сметка .

Извршителот Н.Д. во одговор од 16.05.2013 година и во своја одбрана на главен претрес наведе дека во периодот од 18.02.2013 година до 27.03.2013 година примил 81 барање за извршување. По приемот на барањата биле оформени извршните предмети од И.бр.141/2013 до И.бр.221/2013 и истите уредно биле заведени во уписникот во електронска форма. Во врска со констатираното од извршениот надзор дека барањата за извршување по кои се оформени предметите од И.бр.141/2013 до И.бр.221/2013, не се заведени во уписникот за примени барања за извршување, извршителот во одговор наведе дека редовниот надзор бил извршен во период од годината кога извршителите се должни да го изготват Годишниот извештај за работа, кој извештај согласно член 53-а од Законот за извршување се изготвува до 15 март во тековната година. Дополнителна обврска во тој период било барањето од Министерството за правда за податоци за реализација на извршувањето. За реализација на оваа задача било потребно физички да се изврши увид во списите во секој предмет поединечно а предмет на обработка била 2096 предмети .Овој тип на податоци досега не биле обработувани и потребно беше да се вметнат во претходно изработена надградба во софтверското решение за евиденција на примените барања за извршување. Заради значењето на податоците кои ги бара Европската комисија која го цени напредокот на Република Македонија во сферата на правосудството извршителот дал приоритет на изготвувањето на овој извештај. Понатаму, извршителот во своја одбрана наведе дека од причина што не е

завршен процесот на трансфер на судските предмети и речиси секојдневно извршителот примал предмети чија обработка барала посебно внимание и ангажман од страна на вработените во канцеларијата.

Извршителот наведе дека врз основа на Решението на Министерот за правда бр.09-1356/2 од 24.03.2008 година со кое извршителот Н.И. е именувана за негов заменик, извршителот издал Овластување со кое се овластува Н.И. да располага со редовната сметка број 290200000236333 и посебната сметка со број 290200000236236 ТТК Банка АД Скопје . Пријава на овластени лица за располагање со средства од посебната сметка со број 290200000236333 и од редовната сметка со број 290200000236236 до ТТК Банка АД Скопје извршителот доставил на 25.03.2013 година. Извршителот во одговор наведе дека од денот на именување до денес заменикот во ниту еден момент го нема заменувано извршителот.

Понатаму, извршителот укажа дека сите барања за извршување поднесени до 14.05.2013 година се уредно заведени во уписникот за примени барања за извршување и во електронската евиденција, видно од фотокопија од уписникот за примени барања со заведени барања за извршување од 18.02.2013 година до 14.05.2013 година како и видно од фотокопија од Именикот на доверители и Именикот на должници во кој се заведени сите должници и доверители од извршните предмети оформени во текот на 2012 и 2013 година заклучно со 14.05.2013 година, согласно што утврдениот пропуст бил отстранет од страна на извршителот.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 17.05.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај за надзор УПП.бр.09-1477/1 од 10.04.2013 година на Министерство за правда;
2. Копие од Уписник за примени барања за извршување стр.бр.0000002
3. Копие од Уписник за примени барања за извршување стр.бр.0000001
4. Обвивка на списи И.бр.221/2013 од 26.03.2013 година;
5. Барање за спроведување на извршување од 26.03.2013 година И.бр.221/2013 ;
6. Решение ПРК.бр.923/12 од 19.02.2013 година на Основен суд Битола;
7. Трошковник на адвокат Н.Г. од Битола од 26.03.2013 година;
8. Полномошно од 26.03.2013 година ;
9. Обвивка на списи И.бр.141/2013 од 18.02.2013 година ;
10. Барање за извршување И.бр.141/2013 од 18.02.2013 година;
11. Решение К.бр.341/09 од 06.09.2012 година на Основен суд Битола ;
12. Трошковник од 18.02.2013 година на адвокат В.П. од Битола;
13. Полномошно од 18.02.2013 година;
14. Налог за извршување И.бр.141/2013 од 18.02.2013 година на извршител Н. Д.;
15. Повратници за достава на Налог за извршување И.бр.141/2013 до Народна банка АД Битола;

16. Обвивка на списи И.бр.155/2013 од 21.02.2013 година ;
17. Заклучок за утврдување на трошоци на извршување И.бр.155/2013 од 27.02.2013 година;
18. Заклучок за намирување на доверител И.бр.155/2013 од 27.02.2013 година на извршител Н.Д.;
19. Казнена каматна листа од 01.02.2010 година за И.бр.155/2013 година;
20. Барање за извршување И.бр.155/2013 година од 21.02.2013 година;
21. Пресуда РО.бр.305/12 од 25.01.2013 година на Основен суд Битола;
22. Полномошно од М.В. од Битола за адвокат С.А. од Битола;
23. Трошковник од адвокат С.А. од Битола;
24. Образец за платена адвокатска маркичка бр.001894;
25. Налог за извршување И.бр.155/2013 од 21.02.2013 година на извршител Н.Д.;
26. Решение бр.09-1357/2 од 24.03.2008 година на Министерство за правда;
27. Полиса за осигурување 311040000000 за договарач на осигурување Н.Д. од 24.01.2012 година;
28. Полиса за осигурување 311012000013 за догворувач на осигурување Н.Д. од 24.01.2013 година;
29. Овластување од 22.04.2010 година на извршител Н.Д.;
30. Пријава на овластени лица за располагање со средства на трансакциска сметка на правно лице од 25.03.2013 година ТТК Банка АС Скопје;
31. Пријава на овастени лица за располагање со средства на трансакциска сметка на правно лице од 26.03.2013 година ТТК Банка АС Скопје;
32. увид во оригинал Уписници за примени барања за извршување за 2012 година и за 2013 година
33. увид во оригинал Уписник за доверители и должници на извршител Н.Д. од Битола

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Во периодот од 18.02.2013 година до денот на надзорот од страна на овластени лица од Министерството за правда 27.03.2013 година извршителот примил барања за извршување по кои се оформени предмети и дадени им се броеви од И бр.141/13 од 18.02.2013 година до И бр. 221/13 од 26.03.2013 година, но истите не се заведени во уписникот, а под наведените броеви се оформени предмети и по истите се преземани извршни дејствија од страна на извршителот, но истите не се заведени во Уписникот за примени барања за извршување (пр. И бр.155/13, И бр.178/13 и И бр.179/13).

Во дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите на завршените предмети не се заведувани податоците за

наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства. Извршителот во Именикот на должници не ги завел сите должници од извршните предмети оформени во текот на 2012 година, односно се заведени само должниците по предметите од И бр.01/12 до И бр.550/12. Воедно, извршителот во Именикот за должници не ги завел должниците во извршните предмети оформени во текот на 2013 година. Во Именикот на доверители не се заведени сите доверители од извршните предмети оформени во текот на 2012 година, односно се заведувани само доверителите по предметите од И бр.1/12 до Ибр.1200/12. Исто така во Именикот за доверители не се заведувани ниту доверителите во извршните предмети оформени во текот на 2013 година.

Со Решение на Министерот за правда бр. 09-1356/2 од 24.03.2008 година извршителот Н.И. од Битола е именувана за заменик на извршителот Н.Д.. Извршителот Н.Д. од Битола го овластил неговиот заменик извршителот Н.И. од Битола да располага со посебната сметка на ден 25.03.2013 година, додека пак за располагање со редовната сметка извршителот го овластил неговиот заменик извршител Н.И. од Битола на ден 26.03.2013 година, видно од Пријава на овластени лица за располагање со средства на трансакциската сметка на правно лице од ТТК Банка АД Скопје.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот не сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води а која не засега во правата на странките“ што не ја водел уредно евиденцијата во писмена форма во Уписникот за примени барања за извршување, Именикот на доверители и Именикот на должници што би било спротивно на член 45 ст.1 од Законот за извршување како и со тоа што во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 и за 2013 година не ги евидентирал податоците за наплатени средства за администрирање, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства извршителот не ја сторил повредата која му се става на товар по чл. 54-г став 1 алинеја 9 „ не води евиденција за наплатена награда, и други трошоци согласно овој закон и подзаконски акти“ . Како  и по повод наводите кои се однесуваат на повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 13 од ЗИ: „ не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води “ со тоа што извршителот во периодот од 18.02.2013 година до денот на надзорот 27.03.2013 година примил барања за извршување по кои се оформени предмети и дадени им се броеви од И бр.141/13 од 18.02.2013 година до И бр. 221/13 од 26.03.2013 година, но истите не се заведени во Уписникот за примени барања за извршување па Дисциплинската комисија

одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот Н.Д. од Битола не ја сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став и алинеја 4, алинеја 9 и алинеја 13 од ЗИ и Комисијата ја прифати одбраната на извршителот дека барањата за извршување биле поднесени во период кога извршителот имал голем вонредно наплив на предмети и истовремено законска обврска за достава на годишен извештај за својата работа по чл. 53-а од ЗИ како и дополнителна обврска за обработка на статистички податоци за потребите на Министерството за правда на РМ аво истиот период а од друга страна течел незавршениот процес трасфер на судските предмети кои барале посебно внимание и ангажман на вработените во канцеларијата. Дисциплинската комисија особено ја ценеше околноста што во меѓувреме извршителот ги отстранил неуредностите и на ден на одлучување со увид во документацијата е евидентно дека евиденцијата е уредна и навремена.

Дисциплинската комисија утврди дека неспорно е дека дури на ден 25.03.2013 година односно на ден 26.05.2013 година Извршителот Н.Д. му издал овластување на неговиот заменик Н.И. од Битола да располага со неговата редовна и посебна сметка. Оваа околност Извршителот не ја спори, меѓутоа ја правда дека во периодот до моментот на издавање на полномошното не се укажала потреба и не било неопходно овластувањето на заменикот на Извршителот. Меѓутоа ваквата одбрана Дисциплинската Комисија ја ценеше и не ја прифати затоа што законските одредби се децидни и извршителот сторил повреда со тоа што спротивно на член 48 ст.6 од ЗИ не му издал овластување на заменикот извршител да располага со редовна и посебна сметка истовремено со неговото именување за заменик и извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот и околноста дека извршителот предходно не е дисциплински казнуван, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 29.05.2013 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Н.Д. од Скопје да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.